Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

**од Сто четириесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 јули 2019 година**

**Скопје, јули 2019 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 јули 2019 година**

Седницата започна во 18:25 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и членовите на Владата на Република Северна Македонија, д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Хусни Исмаили, министер за култура, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваше и Сања Томовска, помошник - нотар.

Од седницата отсуствуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, м-р

Никола Димитров, министер за надворешни работи и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на спортско - рекреативен центар Треска КО Глумово и КО Шишево, Општина Сарај, со Предлог-одлука

2. Предлог-закон за Инспекторат за употреба на јазиците

3. Предлог-закон за Академија за судии и јавни обвинители

4. Предлог-закон за медијација

5. Кадровски прашања

6. Прашања и предлози

7. Информација за Предлог-спогодба помеѓу Владата на Република Србија и Владата на Република Северна Македонија за заедничко признавање на доверливи услуги кои се користат во Република Србија и Република Северна Македонија, со усогласен текст на Спогодба

8. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2 - комунална супраструктура фотоволтаична централа со капацитет до 1mw КО Тработивиште, Општина Делчево, со Предлог-одлука

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на спортско - рекреативен центар Треска КО Глумово и КО Шишево, Општина Сарај, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на спортско - рекреативен центар Треска КО Глумово и КО Шишево, Општина Сарај, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за Инспекторат за употреба на јазиците, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда, Петар Мирковиќ, државен советник во Министерството за правда и Зулќуфли Ајвази, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 3**

Владата го разгледа Предлог-законот за Академија за судии и јавни обвинители (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда, Валентина Шаурек, државен советник во Министерството за правда и Љубица Караманди, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 4**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за медијација и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлог-законот за медијација да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.
2. Пречистениот текст на Предлог-законот за медијација согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда и Радица Лазареска Геровски, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 5**

1. Владата ја именува Висара Риза за вршител на должноста директор на Агенцијата за лекови и медицински средства и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата го именува Милан Запровски за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за земјоделство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го именува Емил Крстески за вршител на должноста директор на Државниот архив на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го именува Арбен Виља за вршител на должноста директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го именува Дејан Богоески за вршител на должноста директор на Управата за сигурност во железничкиот систем, орган во состав на Министерството за транспорт и врски и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата го именува Пајазит Љика за вршител на должноста заменик на директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата го именува Армир Садики за вршител на должноста директор на Бирото за јавни набавки и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

8. Владата го именува Ване Цветанов за вршител на должноста претседател на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата го именува Рефик Мустафи за вршител на должноста директор на Управата за електронско здравство, орган во состав на Министерството за здравство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.
10. Владата го отповика Марјан Огњановски од должноста управител на Трговско друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје.
10.1. Владата го избра Зоран Исајловски за управител на Трговско друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје.

11. Владата го разреши Милутин Станиќ од должноста директор на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, орган во состав на Министерството за образование и наука.

11.1. Владата ја именува Славица Тодорова за директор на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, орган во состав на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

12. Владата за членови на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности ги именува:

- Даниел Пауновски и
- Блажо Настов

13. Владата го избра Милан Даниловски за член на Надзорниот одбор на Друштво фабрика за шински возила „Велес“, ДООЕЛ Велес.

14. Владата ја именува Зинија Фејзули за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Д-р Русе Бошковски“ - Ростуше.

15. Владата ја именува Маја Срезоска за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о.

16. Владата го именува Александар Стефановски за член на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, со мандат од три години.

17. Владата го именува Николче Мијаковски за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Демир Хисар.

18. Владата ја именува Биљана Босилкова за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница - Велес.

19. Владата го именува Томислав Секулоски за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница - Охрид.

20. Владата го именува Драган Каровски за член на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија.

21. Владата ја именува Стефанија Ташевска за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон" - Скопје.
22. Владата го именува Златко Маркоски за член на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје Ц.О.

23. Владата ја именува Лидија Николовска Ташковска за член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"-П.О. Скопје.

24. Владата го именува Кире Туџаров за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје - Струмица.

25. Владата ја именува Анка Милкова-Катарова за член на Управниот одбор на Јавно претпријатие за водостопанство „Лисиче" - Велес.

26. Владата го именува Влатко Величковски за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија.

27. Владата ја именува Мирјана Панчурова за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Струмица.

28. Владата ја именува Гордана Заринска за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница - Струмица.

29. Владата ја именува Орхидеја Шурбановска за член на Националната комисија за учебници претставник од редот на основните и средните училишта.

30. Владата го именува Рухан Илази за член на Управниот одбор - претставник на основачот на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје.

31. Владата го именува Асим Даил за претседател на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија.

32. Владата го избра Александар Давидовски за член на Одборот на директори на АД „Водостопанство на Република Северна Македонија" во државна сопственост".

33. Владата ја именува Соња Петрушева за член на Надзорниот одбор на „Развојна банка на Северна Македонија“.

34. Владата за членови на Управниот одбор - претставници на основачот на Јавната установа „Центар за традиционална кинеска медицина“ -Штип, ги именува:

- Мартин Велинов
- Емилија Вацева
- Љубица Зафирова

35. Владата за членови на Надзорниот одбор на АД за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“ во државна сопственост, Скопје, ги избра:

- Игор Петков за член
- Фросина Крстевска за независен член

36. Владата го избра Драгољуб Филипоски за член на Надзорниот одбор на АД за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија“ во државна сопственост.

37. Владата го именува Виктор Андонов за член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

38. Владата го именува Илмија Шабани за член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа „Национален парк Маврово“ - Маврови Анови.

39. Владата го разреши Маријан Стојковски од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ „Универзитетска клиника за хематологија“ - Скопје.

39.1. Владата ја именува Вероника Кокоромановска за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ „Универзитетска клиника за хематологија“ - Скопје.

40. Владата ја разреши Ана Рандевска од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ „Универзитетска клиника за дигестивна хирургија“ - Скопје.

40.1. Владата ја именува Сузана Јовановска Илиева за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ „Универзитетска клиника за дигестивна хирургија“ - Скопје.

Истовремено:

1. Владата му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје Ц.О. за директор на Јавното претпријатие за

одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје Ц.О да го избере Беким Мемет.

2. Владата му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје, за директор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје да го избере Фестим Халили.

3. Владата заклучи да престане да важи Заклучокот донесен на Сто четириесет и петтата седница на Владата, одржана на 17 јули 2019 година, по точката Кадровски прашања со кој се препорачува на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, да го разреши Шпенди Хајредин од должноста директор на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија.
4. Владата заклучи да се објави јавен оглас за избор на заменик директор на Државниот испитен центар.

5. Владата заклучи да се објави јавен оглас за избор на директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

## Точка 6

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за предлог Спогодба помеѓу Владата на Република Србија и Владата на Република Северна Македонија за заедничко признавање на доверливи услуги кои се користат во Република Србија и Република Северна Македонија, со усогласен текст на Спогодбата и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Владата на Република Србија и Владата на Република Северна Македонија за заедничко признавање на доверливи услуги кои се користат во Република Србија и Република Северна Македонија.

2. Се овластува Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација да ја потпише Спогодбата помеѓу Владата на Република Србија и Владата на Република Северна Македонија за заедничко признавање на доверливи услуги кои се користат во Република Србија и Република Северна Македонија.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2 - комунална супраструктура фотоволтаична централа со капацитет до 1mw КО Трабroom, Општина Делчево, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2 - комунална супраструктура фотоволтаична централа со капацитет до 1mw КО Трабroom, Општина Делчево, во предложениот текст.

*

*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 18:45 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев